## Коментари по нацрт- Законот за природа

## Поднесени од Еко-свест

## Скопје, 10.06.2026

Почитувани,

Ја поздравуваме иницијативата за носење на нов Закон за природата. Во продолжение ги образложуваме нашите коментари и забелешки по Нацрт- законот.

**Општи коментари по нацрт Законот**

1. Предлог-законот не ги транспонира правилно Директивите за живеалишта и птици. Најважната правна алатка за заштита на подрачјата од Натура 2000 - соодветната проценка во член 86, не ги транспонира целосно членовите 6.3 и 6.4 од Директивата за живеалишта. Подзаконските акти, административните реформи и капацитетот потребен за спроведување на соодветна проценка, исто така, треба јасно да бидат наведени во законот. Постојат строги правила за тоа како мора да се прогласат подрачјата од Натура 2000 (вклучувајќи ги и упатствата на ЕУ). Сите видови и живеалишта треба да бидат доволно заштитени, на пример, најмалку 20% од сите популации на видови од Анекс II од Директивата за живеалишта треба да бидат во рамките на мрежата Натура 2000). Некои од предложените одредби се во спротивност со тие правила, на пример, член 84(7).

2. На предлог-законот му недостасуваат анексите потребни за транспонирање на Директивите за живеалишта и птици. Живеалиштата, видовите и методите на нелегален лов се добро дефинирани во анексите на Директивите и тие треба само да се прилагодат на ситуацијата во Македонија (со бришење на видовите и живеалиштата кои не се присутни во земјата и додавање на национално важни заштитени видови). Недонесувањето на овие анекси како подзаконски акти непотребно ќе го одложи спроведувањето на законот и ќе создаде ризици за многу видови и живеалишта заштитени на европско ниво. Покрај тоа, заштитените и строго заштитените видови, како и оние за кои треба да се прогласат подрачја од Натура 2000, не треба да се базираат на Црвената книга на Македонија (која не е ажурирана долго време), туку на ЕУ Директивите. За да се избегне овој ризик, предлагаме овие анекси во форма на подзаконски акти да бидат усвоени во рок од 1 месец по стапувањето на новиот закон во сила.

3. Во законот недостасува дефиниција за преовладувачки јавен интерес. Треба да се базира на упатството кое може да се најде на следниот линк: https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/99a99e59-3789-11ec-8daf-01aa75ed71a1

4. Член 215 го одложува создавањето и заштитата на мрежата Натура 2000 до пристапувањето во ЕУ - создавањето треба да започне многу пред пристапувањето, а деградацијата на потенцијалните подрачја Натура 2000 (Листа на европски подрачја и на европски подрачја за птици) мора да се спречи пред да бидат прогласени. Не е доволно да се одложи ова до влезот во ЕУ како што е предвидено во член 215. Ова исто така не се совпаѓа со моменталната состојба во која треба да биде јасно кои подрачја треба да се заштитат за да се назначат соодветни области за забрзување на развојот на обновливи извори во зони кои не се планирани за Емералд/Натура 2000. Мора да се дефинира многу пократок транзициски период.

5. Недостигаат и други важни членови во главата за мрежи на заштитени подрачја без кои сите други подрачја - еколошки значајните подрачја, заштитените подрачја, природните петкости и еколошки коридори ќе бидат оставени без заштита:

- препознавање на важноста на Бернската конвенција и мрежата Емералд како “Еколошки значајно подрачје”- потребно е воведување на дефиниција во Општите одредби. Т.е. поимите.
- правни инструменти за заштита на локалитетите на националната еколошка мрежа (вклучувајќи потенцијални локалитети Натура 2000, Емералд подрачја, Рамсар подрачја, подрачја под заштита на УНЕСКО);
- можности за превентивна заштита на овие подрачја пред нивното прогласување.
-

Доколку не се регулираат овие аспекти, ќе се остави можноста да се уништат многу меѓународно признати области пред да постои нивна функционална заштита.

6. Членовите 97-100 за националните паркови не се во согласност со матрицата на IUCN за заштитените подрачја од категорија II. Членовите за забрани не се конкретни ((*Забранeтo е спроведување на активности со кои се загрозува изворноста на природата во националниот парк особено на воспоставување на ловишта, стопански риболов, стопанска сеча на дрва на територијата на Националниот парк, како и активности кои се спротивни со утврдениот режим на заштита и Планот за управување*).

   Националните паркови треба да имаат доволно големи основни зони каде што бројот на посетители е строго контролиран и да не е дозволено користење на ресурси, освен за егзистенција или помали рекреативни цели. На територијата на целиот национален парк, нова градба, рударство, индустриски активности, водозафати за хидроенергија и други коментрцијални активности, комерцијална сеча и други штетни инфраструктурни активности треба да бидат забранети со закон.

7. Недостасуваат членови за зачувување на древни и извонредни дрвја.
8. Потребно е да се вметнат членови кои ќе го објаснат механизмот за транзиција т.е. Евентуално унапредување или уназадување на заштитените подрачја (на пример развој од категорија 4 во категорија 3).
9. Генерално, одредбите во овој нацрт-текст на законот кои е предвидено да се применуваат по пристапувањето на РСМ во Европската унија се несоодветни бидејќи не предвидуваат моментални обврски кои би требало да се преземат и истите се оставени за примена на неодреден временски период кој може да биде погубен за засегнатите видови/живеалишта дотогаш.

**Конкретни предлози за измени во текстот на нацрт- законот**

Член 3 ст.1 точка 27
Да се наведе дека се работи за црвената листа на IUCN.

Член. 6. Ст.1 точка 5
Да се додаде и Емералд мрежата покрај Натура 2000.

Член 28

Во ставот 5 освен научни институции треба да се остави простор за соработка и со други стручни организации кои користат прифатливи научни методологии за работа.

Ставот 8 дава приоритет на инфраструктурниот развој пред реставрацијата на природата. Нашиот предлог е ставот да се видоизмени и да дава предност на реставрацијата, и потребата останатите планови да се прилагодат на Планот за реставрација.

Да се избрише став 11 од чл. 28.

Во овој член е потребно да се додаде нов став (15) во кој ќе се регулира финансирањето на изработката и спроведувањето на мерките од Планот за реставрација.

Член 38
Наместо давање предност, да се користат исклучиво автохтони видови.

Член 58
Периодот од 30 дена за издавање на дозволата е предолг. Неопходно е поажурно псотапување на министерството со оглед дека овие активности зависат од временските прилики.

Член 100
Во член 100 е потребно да се додаде и водозафати за производство на електрична енергија и други комерцијални намени, рударски активности како и големи инфраструктурни проекти.

За Категорија Споменик на природа, Категорија Заштитен предел и Категоријата Повеќенаменско подрачје потребно е исто како и во случајот со Националните паркови и Парк на природа да се додаде член за Забранети активности.

Имајќи предвид дека во нацрт- законот е додаден член 142 кој ги регулира забранетите активности во заштитените подрачја, предлагаме или да се регулираат во сите категории поединечно, или да се регилира ова прашање преку воведување на еден член (142) кој ќе ги опфати сите забранети активности претходно наброени во членовите (на пр. комерцијален риболов, лов, комерцијална сеча и сл)

Член 125
Во член 125 во став 1 потребно е да се додаде, по зборовите „нивно прогласување“ и текстот “или репрогласување“.
Во член 167, во став 7, точка 2, предлагаме да се избрише зборот „локални“ и оваа можност да важи за сите здруженија на граѓани регистрирани во оваа дејност на територија на Македонија.

Член 142
Во став 3 од членот, забраната освен за заштитените подрачја треба да важи и за Натура 2000, Емералд, Рамсар и УНЕСКО подрачја.

Член 163
Да се додаде валута денари после “12000”.

Член 165
Став 4 од овој член е проблематичен од аспект на стручноста и капацитетот на субјектите, можен судир на плановите за управување на двете (или повеќе) заштитени подрачја (кои може да бидат од различна категорија) и целите за заштита на истите.

Член 170
Во член 170, во ставот 1 потребно е да се дефинира кој е членот од Националниот парк, односно да се дефинира стручноста на лицето кое ќе биде член на Управниот одбор.

Член 174
Точка 4 -постои преклопување со обврските за надоместок за собирање на диви видови при уплатата на надоместокот до МЖСПП и Националните паркови.
Точка 7 од став 12 е потребно подобро да се дефинира, не е јасно за каков вид на активности станува збор.

Член 177

Во овој член е потребно да се дефинираат и потребните стручни кадри и позиции кои треба да бидат во составот на јавната установа Национален парк.

Член 184

На крај на ставот 1 да се додадат зборовите - јавно достапна и ажурирана интернет платформа.

Член 210

По член 210 потребно е да се додаде и нов член за прекршочни одредби и санкции за правни лица, во случај на непочитување на законските рокови за донесување на подзаконските акти и актите за репрогласување на заштитените подрачја.

Член 213

Во член 213 ставот 5 треба да се дополни и да ги регулира случаите каде трае постапка за репрогласување, со донесување на решенија за привремена заштита и дозволени/забранети активности до донесување на актот за прогласување, имајќи предвид дека овие постапки траат многу долго и не превенираат штета во периодот на постапката.

Член 215

Предлагаме измена на овој член со што ќе се обезбеди заштита на Европските видови и живеалишта и пред пристапувањето на Македонија во ЕУ.

**Дополнителни забелешки и предлози**

Поради потребата да се додефинираат одредени членови со конкретни формулации, и заради нивниот обем, предлагаме да одржиме работен состанок со Министерството за животна средина и просторно планирање на кој ќе ги образложиме нашите ставови.

Со почит,

Ана Чоловиќ Лешоска
Извршна Директорка
Еко-свест